Објавувањето на публикацијата **„Поимот граѓанско содружништво“** од Готје Пирот, од Универзитетот во Лиеж, Белгија, која за македонската публика ја преведе проф. др. Ило Трајковски беше поводот за организирање на промотивна трибина наречена „Граѓанското здружување и развојот“ што се одржа на
**20 октомври 2016 година на Филозофскиот факултет во Скопје**
.




„Во Македонија, граѓанското општество го врзуваме за политиката и политичкиот развој. Од она што ќе го слушнеме денес, ќе видиме дека граѓанското општество е многу повеќе од тоа. Темата е актуелна и значајна не само во овој момент, туку и во иднина таа ќе добива на значење“, рече во воведното обраќање Трајковски.

Редакторот на публикацијата, проф. др. Милева Ѓуровска потенцираше дека се забележува полет во граѓанското содружништво. „Сликата за граѓанското општество во една земја, многу говори за самата држава“, рече таа.

За граѓанското општество и развојот на медиумите зборуваше проф. др. Снежана Трпевска од **Институтот за комуникациски студии** . Според неа, медиумите и граѓанското општество се развивале паралелно, но медиумите биле апсорбирани од државната сфера. „Граѓанскиот сектор е извор на спротивставување, на новитет и на критичката мисла. Медиумите не им дадоа гласност на овие атрибути. Тие не ги отвораат критички прашањата што ги засегаат граѓаните. Напротив, ги засилуваат пораките од политичарите“, рече таа.




Citizens for change!